ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

# КОМУНИКАЦИСКА СТРАТЕГИЈА НА ДРЖАВНИОТ ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА 2020-2023

Скопје, февруари 2020 година

# Содржина

Содржина ..... 2
1. Локација на стратегискиот комуникациски проблем ..... 3
2. Комуникациски принципи ..... 4
   2.1 . Точност и прецизност ..... 5
   2.2. Непристрасност и независност ..... 5
   2.3. Навременост ..... 7
   2.4 Интерактивност и учество ..... 7
   2.5 Етички принципи на комуникацијата и заштита на приватност ..... 7
3. Опфат на Стратегијата ..... 8
4. Цели на стратегијата ..... 9
   Посебни цели на комуникациската стратегија ..... 9
5. Целни групи и нивните интереси ..... 9
   Општа јавност ..... 9
   Медиуми и истражувачки новинари ..... 10
   Граѓански организации ..... 10
   Собрание ..... 10
   Јавно обвинителство ..... 10
   Министерството за финансии ..... 11
6. Пораки за комуникација со целните групи ..... 11
   Посебни пораки за целните групи ..... 11
      Општа јавност ..... 11
      Медиуми и истражувачки новинари ..... 11
      Граѓански организации ..... 12
      Собрание на РСМ ..... 12
      Јавно обвинителство ..... 12
      Министерство за финансии ..... 12
7. Акциски план за комуникација со целните групи ..... 13
      Акциски план за комуникација со целните групи во 2020 година ..... 13
      Акциски план за комуникација со целните групи во 2021 година ..... 17
      Акциски план за комуникација со целните групи во 2022 година ..... 21
      Акциски план за комуникација со целните групи во 2023 година ..... 25
8. Процесна ориентација на комуникациите на ДЗР ..... 29
9. Евалуација ..... 31
      Евалуација на комуникацијата со општата јавност ..... 31
      Евалуација на комуникацијата со медиумите и истражувачките новинари ..... 31
      Евалуација на комуникацијата со државните институции ..... 31

# 1. Локација на стратегискиот комуникациски проблем

Основната цел на *Комуникациската стратегија на Државниот завод за ревизија 2020-2023,* е да ја поддржи и да ја продлабочи имплементацијата на претходно донесената *Стратегија за развој на ДЗР 2018-2022.* Во својата *Петта цел,* таа *Стратегија* ја утврдува важноста на информирањето на јавноста за да се зајакне улогата на Врховната ревизорска институција и за да се засили влијанието на ревизорските извештаи. Таа, во принцип, ги препознава процесите на комуникација со надворешните јавности како конститутивен елемент на своите основни ревизорски функции и ја истакнува потребата од нивно „континуирано подобрување, одржување на постојните и воведување нови форми на комуникација кои ги користат модерните комуникациски технологии“.

*Комуникациската Стратегија на ДЗР 2020-2023* е изградена врз основа на наодите и препораките на *Процената на комуникациските процеси и практиките за јавно информирање на Државниот завод за ревизија на Република Северна Македонија во рамки на проектот ЗАЈАКНУВАЊЕ НА ПРОЦЕСОТ НА ИЗВРШУВАЊЕ НА ПРЕПОРАКИТЕ НА ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА финансиран од Владата на Обединето Кралство, со поддршка на Британската амбасада Скопје,* кој на методолошки конзистентен начин детектираше предизвици во постоечката комуникациска практика на институцијата и даде препораки за тоа како тие да се надминат. Клучниот наод на *Процената* открива дека ДЗР, во своите комуникациски практики, треба посериозно да се насочи кон воспоставување стратегиско „сојузништво“ со општата јавност, медиумите и граѓанските организации. На нив треба да гледа како на групи за притисок кон државните институции, во услови кога тие институции се неактивни или нетранспарентни во постапувањето. Следствено, ДЗР треба повеќе да го користи потенцијалот што овие целни групи го отвораат за зајакнување на влијанието на ревизорските извештаи во јавноста, надминувајќи го сегашниот комуникациски модел, според кој единствено важна комуникација, е онаа со другите институции. Главниот комуникациски проблем кој имплементацијата на оваа стратегија го решава е:

> На кој начин, преку кои канали и со кои пораки, комуникациската практика на ДЗР да се отвори кон своите природни сојузници - општата јавност, медиумите и граѓанските организации, за да го засили влијанието на ревизорските извештаи и за да ги вклучи овие целни групи во процесите на демократизација, транспарентност и отчетност на државните институции?

Стратегијата тргнува од претпоставката дека вклучувањето - на решителен начин - на општата јавност, медиумите и граѓанските организации, во процесите на комуникација на ДЗР со другите институции, суштински ќе придонесе кон креирањето на структура на „проверки и рамнотежи“ (checks and balances). Тоа пак, ќе овозможи ДЗР и другите чинители опфатени со овој документ, активно да учествуваат во креирање на демократски амбиент во Република Северна Македонија.

# 2. Комуникациски принципи

*Комуникациската стратегијата на ДЗР 2020-2023* востановува *двонасочен модел на комуникациите* со клучните целни групи и особено со општата јавност, медиумите и граѓанските организации. Според овој модел, процесот на комуницираната порака не завршува со испраќањето на пораката до примачот – напротив процесот вклучува протокол на повратна информација на примачот до испраќачот по што комуникацискиот циклус почнува одново. На овој начин предвидено е Државниот завод за ревизија да има отворено *постојан дијалог* со целните групи со што најсоодветно ќе ја остварува својата мисија на отвореност, транспарентност и отчетност.




Слика 1. Двонасочен комуникациски циклус

Потребата за оваа промена во пристапот на комуникациите на ДЗР е создадена од две нешта:

(1) комуникациската експанзија, која последнава деценија неминовно ги трансформираше и ВРИ во развиените демократии, барајќи од нив ефикасно да ги искористат современите технологии и социјалните мрежи во нивните комуникациски протоколи и

(2) растечкиот притисок на јавноста во Македонија, државните институции да обезбедат транспарентност во одлучувањето и трошењето на јавните средства.

Моделот на комуникација на ДЗР се заснова на пет фундаментални принципи кои се во согласност со општата мисијата и визијата на оваа врховна ревизорска институција:

(2.1) точност и прецизност,

(2.2) непристрасност и независност,

(2.3) навременост,

(2.4) интерактивност и учество, и

(2.5) етички принципи на комуникацијата и заштита на приватност.

## 2.1 . Точност и прецизност

> „Точност“ во оваа смисла означува обезбедување на вистинитост на фактите со кои се оперира во комуникациите, а „прецизност“ го означува процесот на обезбедување детализирана аргументација за востановените факти

ДЗР е посветена на обврската да обезбеди точност и прецизност на пораките во својата комуникација со целните групи. Точноста и прецизноста на пораките кои излегуваат во јавноста всушност се фундаментален елемент од угледот на ДЗР како врховна ревизорска институција. Од клучно значење за почитувањето на овој принцип е институцијата да зборува со еден и координиран глас, што ќе биде резултат на прецизно уреден процес на внатрешна комуникација. Овој принцип подразбира и дека ДЗР не смее да ги наведува целните групи кон погрешен заклучок во врска со содржината и последиците на ревизорските извештаи и дека во случај на повреда на овој принцип ДЗР мора брзо и отворено да ја увиди, јавно да ја признае и да ја поправи грешката. Точноста и прецизноста на комуникацијата ДЗР ја овозможува преку остварување на следниве чекори:

- Тимот ревизори кои го подготвуваат извештајот мора да ги соберат податоците на методолошки издржан начин и користејќи информации од примарни извори со утврдување на автентичноста на документите (процедура која ДЗР ја спроведува при подготовка на извештаите).
- Низ три инстанции – Главниот државен ревизор (ГДР), овластениот државен ревизор и лицата одговорни за комуникации со јавноста мора вкрстено да ги проверат податоците кои ќе бидат комуницирани со јавноста.
- Низ три инстанции - ГДР, овластениот државен ревизор и лицата одговорни за комуникации со јавноста мора да обезбедат точни и прецизни одговори за можните реакции на објавените пораки од нивна страна.

## 2.2. Непристрасност и независност

> „Непристрасност“ во оваа смисла означува отсуство на политичка наклонетост при изборот на темите и начинот на комуникација со јавноста, а „независност“ означува отсуство на влијание на посебни интереси врз комуникациите на ДЗР.

Државниот завод за ревизија во својата комуникациска практика е воден единствено од востановените факти и јавниот интерес. Непристрасноста и независноста се основните принципи на одбраната на јавниот интерес. Државниот завод за ревизија во своите комуникации со целните групи не се води од наклонетост или лојалност кон политичките или бизнис актерите во републиката. Напротив, единствениот критериум и мотив за дејствување му е обезбедување транспарентност на институциите независно од посебните интереси на актерите во нив. Принципот на непристрасност во комуникациите на ДЗР, исто така, значи дека врховната ревизорска институција со иста посветеност и темелност ќе ги третира субјектите кои се означени како „контроверзни“ од медиумите и јавноста, со оние што тоа не се. Непристрасноста во комуникациите означува и практика во која на сите медиуми во Македонија кои имаат интерес да покриваат теми поврзани со извештаите на ДЗР тоа ќе им биде овозможено, без протежирање на едни на сметка на други. ДЗР ја обезбедува непристрасноста и независноста низ протоколите на внатрешна комуникација:

- ДЗР го прави изборот на субјекти на ревизија врз основа на критериумите во методолошките акти на институцијата. ДЗР обезбедува независност во одлучувањето за тоа (процедура која ДЗР ја спроведува при подготовка на извештаите).
- Низ три инстанции – ГДР, овластениот државен ревизор и лицата одговорни за комуникации со јавноста, ДЗР мора да ги селектира пораките кои ќе бидат комуницирани со јавноста, од аспект на нивната непристрасност.
- Низ три инстанции - ГДР, овластениот државен ревизор и лицата одговорни за комуникации со јавноста мора да обезбедат одговори за можните реакции на објавените пораки од нивна страна

## 2.3. Навременост

> „Навременост“ ова означува комуникација на пораките на ДЗР (1) во момент кога тие се релевантни за јавноста без опасност да застарат и (2) со динамика која соодветствува на динамиката со која работат целните групи.

Комуницирањето на една порака би била бесмислена доколку времето во кое таа се случува, ја направило пораката нерелевантна за јавноста или кога комуникацијата не одговара на динамиката со која функционираат целните групи - предмет на оваа стратегија. Затоа, ДЗР во своите комуникации (1) води сметка за тоа темите за кои комуницира со целните групи да бидат комуницирани во момент кога тие се релевантни за јавноста, без опасност да застарат и (2) има прецизна информација за динамиката на работа на целните групи и ќе ја земе предвид таа динамика во моментот кога ги дизајнира пораките. ДЗР обезбедува навременост на пораките низ процесот на внатрешна комуникација, а процесот е контролиран од организациската единица за односи со јавност.

## 2.4 Интерактивност и учество

> „Интерактивност и учество“ во оваа смисла означува комуникација која активно ги вклучува идеите и насоките на јавноста.

Современите врховни ревизорски институции се стремат кон активно и постојано вклучување на граѓаните во ревизорскиот процес. Новите технологии отвораат можности за општата јавност, медиумите и граѓанските организации да посочуваат на теми и институции за кои е потребно да се направи ревизија и овозможуваат отворање на дијалог со овие јавности. Принципот на интерактивност и учество е така во основата на двонасочниот модел на комуникација на ДЗР.

## 2.5 Етички принципи на комуникацијата и заштита на приватност

> „Етичките принципи на комуникацијата“ подразбира начин на однесување во комуникацискиот процес кој е во согласност *со Кодексот за деловна етика на ДЗР*. Заштита на приватноста е аспект на етичките принципи на комуникација и е во согласност со *Законот за заштита на лични податоци*.

Кредибилитетот на Државниот завод за ревизија зависи од тоа дали институцијата се однесува во согласност со етичките стандарди во комуникацијата. ДЗР има усвоено *Кодекс на деловна етика* според кој, меѓу другото, е предвидено ревизорите (преку нив и институцијата) работата треба да ја извршуваат чесно и со одговорност; дека нивното однесување треба да биде во согласност со регулативата и дека не смеат да влезат во какви било нелегални или неетички активности кои би ја дискредитирале ревизорската професија. Принцип на ДЗР исто така е тоа дека заштитата на приватноста на податоците не го нарушува јавниот интерес. Одредниците во Кодексот на деловно однесување се и одредници на етичките принципи на комуницирање.

# 3. Опфат на Стратегијата

Во остварувањето на својата мисија, Државниот завод за ревизија воспоставува комуникациски однос со широк спектар целни групи:

(1) Гранките на законодавната и извршната власт – Собранието, Владата и Министерството за финансии, (2) Институциите што имаат овластувања да дејствуваат по повод ревизорските извештаи - пред сè Јавно обвинителство(ЈО), Државната комисија за спречување корупција (ДКСК) и Министерството за внатрешни работи(МВР),

(3) Субјектите предмет на ревизија,

(4) Меѓународни ревизорски организации и партнерски ВРИ и

(5) Цивилниот сектор на општата јавност, медиумите и граѓанските организации.

Опфатот на оваа стратегија е потесен од широката платформа на функционирање на ДЗР.




Слика 2. Опфат на Стратегијата

Фокусот на овој пристап така, е дизајниран на начин кој овозможува најефикасна операционализација на понудените решенија за главниот комуникациски проблем. Во прв ред, Стратегијата цели кон групите од цивилниот сектор (општа јавност, медиуми и граѓански организации) поради тоа што претпоставува дека ангажманот и интересите на овие групи можат да го направат клучниот притисок за државните институции да си ја исполнат обврската да постапуваат по наоди на ревизорските извештаи. Второ, комуникациската стратегија ги таргетира трите институции кои имаат најголемо значење во постапувањето по извештаите: Собрание, Министерство за финансии и Јавно обвинителство. Тие се воедно претставници на различни нивоа на власта, па така може да се сметаат за репрезентативни за типовите комуникација – стратегиските комуникациски постапки кои се зацртани во документов во *принцип* (но не и буквално) можат да се пресликаат на комуникациите на ДЗР со други инстанции од законодавната, извршната и судската власт.

Трето, оваа стратегија конечно, практично ги искористува динамичните канали на комуникација меѓу овие групи за да овозможи двонасочни текови на комуницирањето.

# 4. Цели на стратегијата

Дефинирањето на целите на оваа стратегија за комуникација се базира на одделни специфични цели за различните целни групи, кои преку различни форми на учество претставуваат клучни актери во комуникациските процеси на институцијата. Со генерализирање на овие цели, а врз основа на наодите на *Процената на комуникациските процеси и практиките за јавно информирање на Државниот завод за ревизија*, беше утврдена следнава главна цел на стратегијата:

> **Да се зголеми степенот на информираност на општата јавност за улогата и задачата на ДЗР и да се зајакне улогата на ДЗР како институција во служба на јавноста.**

## Посебни цели на комуникациската стратегија

Посебните цели на комуникациската стратегија се насочени кон остварување на конкретни резултати, кои се директно поврзани со стратешките активности на институцијата. Во таа насока, како посебни цели на ова стратегија се издвојуваат:

- Да се промовира улогата на ДЗР како промотор на принципот на транспарентност и отчетност на јавните пари;
- Да се развие и зајакне соработката и координацијата со сите групи од интерес;
- Да се воспостави јавна поддршка за работата на ДЗР и да се обезбеди учество на јавноста;
- Преку поголемо ангажирање на јавноста, да се поттикнат институциите да постапуваат по извештаите на ДЗР.

# 5. Целни групи и нивните интереси

При интеракција со различните целни групи треба да биде јасно која е целта на комуникацијата и кои пораки треба да се испратат до секоја од целните групи. ДЗР треба да се осигура дека на сите групи со коишто комуницира, им е јасна целта на постоењето на институцијата и нејзините активности. Исто така, ДЗР треба да има предвид дека сите целни групи имаат различни потреби и различни интереси, кои треба да бидат адресирани во засебни пораки што се упатуваат до секоја од нив.

## Општа јавност (граѓаните)

ДЗР претставува независна институција која на граѓаните им овозможува да следат како се трошат јавните пари. Општата јавност, „природно“ има интерес во тоа, на систематски начин, да може да следи за кои намени и со какви ефекти се употребуваат *нејзините пари*. Во оваа смисла, општата јавност, односно граѓаните, за ДЗР претставуваат главната целна група. Комуникацијата на ДЗР со општата јавност треба

да биде фокусирана на информирање за работата на јавните институции и за мерките кои треба да се преземат за да се обезбеди добро и транспарентно управување со јавните средства.

## Медиуми и истражувачки новинари

Медиумите се клучните актери кои имаат моќ да ја информираат општата јавност (и сите останати целни групи опфатени со оваа Стратегија) за работата на ДЗР и за последиците од наодите кои се содржани во извештаите на оваа ВРИ. Функционалната соработка на ДЗР со медиумите и истражувачките новинари е затоа од исклучително значење - тие можат да ја артикулираат улогата на ДЗР и да помогнат во испорачувањето на комуникациските пораки на ДЗР кон различни групи од интерес на ефективен начин. Тие исто така, преку своите новинарски истражувања, можат да откријат дополнителни аспекти за работата на субјектите предмет на ревизија. Особено важно – медиумите и истражувачките новинари, можат ефикасно да ја ангажираат општата јавност да се вклучи во следење на работата на институциите, и така посредно, да го извршат клучниот притисок врз институциите кои имаат ингеренции да постапуваат според насоките на извештаите на ДЗР, тие тоа да го направат на начин на кој се обврзани со законите. Интересот на медиумите и истражувачките новинари да влезат во комуникација со ДЗР е во тоа што ревизорските производи на оваа ВРИ, но и живиот контакт со институцијата за нив се темелен и сигурен извор на новинарски стории.

## Граѓански организации

Граѓанските организации се сериозен партнер на ДЗР во процесот на зајакнување на нејзината ефективност и максимизирање на влијанието на ревизорските извештаи. Блиската соработка на ДЗР со граѓанските организации ќе го засили ефектот на пораките што ДЗР ги испорачува преку медиумите и ќе помогне во воспоставување на дополнителен притисок врз институциите да делуваат врз основа на наодите од ревизорските извештаи. Граѓанските организации располагаат и со специфични типови стручност, којашто ДЗР може да јаползува за постојано да ги зајакнува сопствените капацитети во различни домени од својата работа. Интересот на граѓанските организации да влезат во комуникација со ДЗР е во тоа што оваа ВРИ ним им обезбедува докази врз кои тие можат да ги засноваат своите анализи и да се впуштат во застапување.

## Собрание

Собранието на РСМ како законодавна власт чијашто функција е да врши надзор и да ги претставува граѓаните, има директно влијание врз работата на јавните институции и Владата. Според Законот за државна ревизија, ДЗР за својата работа е отчетен пред Собранието, а тоа пак ги ползува извештаите на оваа ВРИ за да врши надзор врз јавните институции. Затоа, комуникацијата на ДЗР со Собранието треба да овозможи парламентарците и членовите на службите да бидат добро информирани за утврдените состојби во ревизорските извештаи. Интересот на пратениците да ги користат утврдените состојби на ДЗР при исполнувањето на своите обврски во претставничкиот дом е во тоа што во нив се содржат информации за функционирањето на јавните институции чија работа е овозможена со даноците платени од граѓаните - граѓаните пак, се нивни гласачи (или потенцијални гласачи). Интересот на собраниските службеници да влезат во порешителна комуникација со ДЗР е во тоа што тие на тој начин ја зајакнуваат репутацијата на својата служба и ги исполнуваат законските обврски.

## Јавно обвинителство

ДЗР има цел да придонесе јавните средства да се користат на најдобар можен начин. Во остварување на ваквите намери, Јавното обвинителство како орган кој има ингеренции да поведува постапки по ревизорските извештаи, за ДЗР претставува една од клучните целни групи. Затоа комуникацијата со Јавното обвинителство треба да биде воспоставена на таков начин што овозможува фокусиран трансфер на информации во кој јасно се посочуваат основите за ЈО да покрене постапки. Интересот на ЈО да влезе во

порешителна комуникација со ДЗР е во тоа што стручноста на ДЗР може значително да ги засили аргументите на Обвинителството пред судовите.

### Министерството за финансии

Соработката на ДЗР со Министерството за финансии е од исклучително значење за јакнењето на системот на управување и контрола на јавните средства. Во својата комуникација со оваа институција ДЗР треба да се претстави како релевантен партнер чија стручност е секогаш на располагање. Интересот на МФ да влезе во комуникација со ДЗР е во тоа што таа интеракција може да му овозможи на министерството да донесува попрецизни одлуки за буџетските последици кои би требало да ги имаат субјектите предмет на ревизија кои систематски не ги почитуваат насоките на ДЗР.

## 6. Пораки за комуникација со целните групи

Општата порака за комуникација на ДЗР ја сублимира работата на институцијата и нејзиниот стремеж кон остварување на утврдените стратешки приоритети. Таа е извлечена од општите цели на оваа врховна ревизорска институција. Бидејќи ДЗР, преку организирање на своите комуникации се грижи за (1) угледот на институцијата во јавноста (2) влијанието на ревизорските извештаи, општата порака која институцијата ја испраќа кон сите целни групи во секоја инстанца на комуникацискиот процес е:

> **ДЗР е независна институција чија цел е да обезбеди транспарентност и отчетност на јавните институции во управување со јавните средства.**

### Посебни пораки за целните групи

Пораките за комуникација со посебните целни групи произлегуваат од општата порака и се дизајнирани да одговараат на потребите и интересите на секоја од целните групи.

#### Општа јавност

> ДЗР на независен и транспарентен начин ви овозможува да знаете како се трошат вашите (јавните) пари и колку ефикасно работат институциите кои вие ги плаќате.

#### Медиуми и истражувачки новинари

> ДЗР им е партнер на медиумите и истражувачките новинари. Од ДЗР можете да добиете навремени, точни и прецизни информации, на ваше барање, кои ќе бидат основа за вашите новинарски текстови.

## Граѓански организации

ДЗР им е партнер на граѓанските организации. Од ДЗР можете да добиете детални информации, но и да го дадете вашиот активен придонес во изборот на субјекти/ теми предмет на ревизија.

## Собрание на РМ

Стручноста на ДЗР е секогаш на располагање за Собранието за да им се овозможи на пратениците да донесат поткрепена одлука при усвојувањето на заклучоци од ревизорските извештаи.

## Јавно обвинителство

Извештаите/ наодите на ДЗР можат да содржат индиции за потенцијално кршење на законите и може да бидат основа за покренување постапки на ЈО. Стручноста на ДЗР при овој процес ви е секогаш на располагање.

## Министерство за финансии

Извештаите на ДЗР се основа за Министерството за финансии да може да донесе аргументирана одлука за тоа како да се однесува кон институциите - буџетски корисници. Стручноста на ДЗР ви е секогаш на располагање.

# 7. Акциски план за комуникација со целните групи

Акцискиот план вклучува конкретни активности кои служат како средство за постигнување на целите дефинирани со *Стратегијата*, како и средствата за мерење на ефективноста (евалуација) на планираните активности. Тргнувајќи од основната претпоставка на современиот пристап во градење на односите со јавноста, подобра перцепцијата и промена на мислењето кон одредена тема може да се постигне првенствено преку јасна идентификација на релевантните целни групи, па затоа во категоризацијата на активностите, акцискиот план ја следи логиката на дефинирање целни групи од *Стратегијата*. Ова не значи дека сите активности се ограничени само на идентификуваните целни групи; повеќето активности во планот ќе имаат пошироко влијание и врз другите целни групи, што само ќе придонесе кон зголемување на резултатите од комуникациските активности. Следниве четири табели, го презентираат акцискиот план за остварување на *Стратегијата,* на начин што предвидуваат постепено зајакнување на мерките за успех во секоја следна година:

**Табела 1: Акциски план за комуникација со целните групи во 2020 година**

| ЦЕЛНА ГРУПА | КЛУЧНА ПОРАКА | СРЕДСТВА НА КОМУНИКАЦИЈА | КВАНТИТЕТ | ДОСЕГ | ВНАТРЕШНИ РЕСУРСИ | ЕФЕКТ |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Општа јавност** | ДЗР на независен и транспарентен начин ви овозможува да знаете како се трошат вашите (јавните) пари и колку ефикасно работат институциите кои вие ги плаќате. | Електронски информатор | 2 (полугодишни) изданија | Испратени до корисниците регистрирани на веб страницата. | 1 лице задолжено за комуникација со јавноста | 1/3 од општата јавност да знае за постоењето и мисијата на ДЗР и мнозинството од оваа популација да има позитивен став за работењето на ДЗР. |
| | | Објави на интернет страница | 12 објави поврзани со наоди од извештаите | 200 прегледи | 2 лица задолжени за комуникација со јавноста | |
| | | Објави на социјалните мрежи (twitter, facebook, youtube) | 12 објави на twitter и facebook. Објава на настапите на ревизорите во медиумите на youtube. | 200 прегледи | 1 лице задолжено за комуникација со јавноста | |
| | | Учество на интервјуа и дебатни емисии | 2 учества на интервјуа или дебатни емисии. | Учество на 2 различни национални ТВ канали | Главен државен ревизор или овластен државен ревизор. Подготовка на интервјуто од страна на лицата одговорни за односи со јавноста. | |

| ЦЕЛНА ГРУПА | КЛУЧНА ПОРАКА | СРЕДСТВА НА КОМУНИКАЦИЈА | КВАНТИТЕТ | ДОСЕГ | ВНАТРЕШНИ РЕСУРСИ | ЕФЕКТ |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Медиуми и истражувачки новинари** | ДЗР им е партнер на медиумите и истражувачките новинари. Од ДЗР можете да добиете навремени точни и прецизни информации, на ваше барање, кои ќе бидат основа за вашите стории. | Соопштение за медиуми | 6 соопштенија за медиуми | Објавени 3 соопштенија | 1 лице задолжено за комуникација со јавноста | 2/3 од новинарите во комуникација со ДЗР да имаа позитивен став во однос на навременоста и транспарентноста на комуникацијата со ДЗР. |
| | | Брифинзи за новинари | 3 брифинзи за извештаи кои по проценка на ДЗР може да предизвикаат внимание во јавноста | 20 новинари од националните и локалните радија и телевизии, и од онлајн медиумите | 1 лице задолжено за комуникација со јавноста и еден овластен државен ревизор | |
| | | Прес конференции | 2 прес-конференции | 20 новинари од националните и локалните радија и телевизии, и од онлајн медиумите | 1 лице задолжено за комуникација со јавноста и овластен државен ревизор или главниот државен ревизор | |
| | | Е-маил Кореспонденција | 12 известувања по е-маил за извештаи кои по проценка на ДЗР може да предизвикаат внимание во јавноста | 30 истражувачки новинари и 30 новински редакции (Јавен сервис, национални ТВ, национално радио, кабелски телевизии, локални телевизии, онлајн портали) | 1 лице задолжено за комуникација со јавноста | |
| | | Индивидуални лице -в- лице состаноци со истражувачки новинари | 5 состаноци. Истражувачките новинари ќе бидат обезбедени со детални информации од наодите на извештаите. | 5 истражувачки новинари | 1 лице задолжено за комуникација со јавноста и овластен државен ревизор | |
| | | Календар на Случувања | Редовно обновување на информации | Достапен на интернет Страната | 1 лице задолжено за комуникација со јавноста | |
| | | Работилница за новинари | 1 работилница за новинари | 15 новинари | 2 лица задолжени за комуникација со јавноста и 2 овластени државни ревизори | |

| ЦЕЛНА ГРУПА | КЛУЧНА ПОРАКА | СРЕДСТВА НА КОМУНИКАЦИЈА | КВАНТИТЕТ | ДОСЕГ | ВНАТРЕШНИ РЕСУРСИ | ЕФЕКТ |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Граѓански организации** | ДЗР е партнер на ГО. Од ДЗР можете да добиете детални информации, но и да го дадете вашиот активен придонес во изборот на субјекти предмет на ревизија. | Состаноци со ГО | 2 состаноци со ГО. Присутните на состаноците ќе разменат информации и ќе дефинираат точки за застапување. | 3 ГО чии активности се однесуваат на темите на односните ревизии | 1 лице задолжено за комуникација со јавноста и овластени ревизори задолжени за соодветните извештаи | 2/3 од претставниците на ГО во комуникација со ДЗР да имаат позитивен став во однос на деталноста и транспарентноста на комуникацијата со ДЗР. |
| | | Е-маил кореспонденција | 12 известувања по е-маил за ревизорски извештаи | 5 ГО чии активности се однесуваат на темите на односните ревизии | 1 лице задолжено за комуникација со јавноста | |
| | | Работилница со ГО | 1 работилница со ГО | 5 ГО | 2 лица задолжени за комуникација со јавноста и 2 овластени државни ревизори | |
| **Собрание** | Стручноста на ДЗР е секогаш на располагање за Собранието за да им се овозможи на пратениците да донесат поткрепена одлука при усвојувањето на заклучоци од извештаите. | Лице-в-лице состаноци на ревизорите и службите во Собранието | Состанок на овластен државен ревизор со претставник на службата на Собранието за извештај кој по проценка на ДЗР може да предизвикаат внимание во јавноста. | Надлежниот вработен во службата на Собранието | Ревизорите надлежни за подготвување на односните извештаи. | Подготвени точни, јасни и прецизни препораки до пратениците изработени како резултат на соработката на ДЗР и службите на Собранието. |
| | | Презентација на извештаи од страна на овластените ревизори | Бројот на презентации зависи од бројот на извештаи ставени на дневен ред на собраниските комисии | Членови на соодветните собраниски комисии | Ревизорите надлежни за подготвување на односните извештаи. | |
| | | Обуки за пратениците | 1 обука поврзана со читање на ревизорски извештаи | 20 пратеници од различни пратенички групи | 1 лице задолжено за комуникација со јавноста и 2 овластени државни ревизори. | |

| ЦЕЛНА ГРУПА | КЛУЧНА ПОРАКА | СРЕДСТВА НА КОМУНИКАЦИЈА | КВАНТИТЕТ | ДОСЕГ | ВНАТРЕШНИ РЕСУРСИ | ЕФЕКТ |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Јавно обвинителство** | Извештаите/ наодите на ДЗР можат да содржат индиции за потенцијално кршење на законите и може да бидат основа за покренување постапки на ЈО. Стручноста на ДЗР при овој процес ви е секогаш на располагање. | Лице-в-лице состаноци на ревизорите и јавните обвинители | Состанок на овластен државен ревизор со државен јавен обвинител за ревизорски извештај по основ на неповолно мислење или воздржување од давање мислење каде што има индиции за кривично дело. | Државните јавни обвинители кои примиле извештај со неповолно мислење или воздржување од мислење. | Ревизорите надлежни за подготвување на односните извештаи. | Подготовка на точни, јасни и прецизни назнаки за потенцијално кршење на законите како резултат на секоја средба врз основа на извештај со неповолно мислење или воздржување од давање мислење |
| | | Работилница со јавните обвинители | 1 работилница | 5 државни обвинители и 10 обвинители од основните јавни обвинителства | 1 лице задолжено за комуникација со јавноста и 2 овластени државни ревизори. | |
| **Министерство за финансии** | Извештаите на ДЗР се основа за Министерството за финансии да може да донесе аргументирана одлука за тоа како да се однесува кон институциите - буџетски корисници во републиката. Стручноста на ДЗР ви е секогаш на располагање. | Лице-в-лице состаноци на ревизорите со службите во МФ | Состанок на овластен државен ревизор со надлежниот вработен во МФ за секој извештај по основ на неповолно мислење или воздржување од давање мислење | 2 вработени во службите на МФ | Ревизорите надлежни за подготвување на односните извештаи. | Подготовка на точни, јасни и прецизни назнаки за потенцијални буџетски последици за субјектите предмет на ревизија како резултат на секоја средба врз основа на извештај со неповолно мислење или воздржување од давање мислење |

**Табела 2: Акциски план за комуникација со целните групи во 2021 година**

| ЦЕЛНА ГРУПА | КЛУЧНА ПОРАКА | СРЕДСТВА НА КОМУНИКАЦИЈА | КВАНТИТЕТ | ДОСЕГ | ВНАТРЕШНИ РЕСУРСИ | ЕФЕКТ |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Општа јавност** | ДЗР на независен и транспарентен начин ви овозможува да знаете како се трошат вашите (јавните) пари и колку ефикасно работат институциите кои вие ги плаќате. | Електронски информатор | 2 (полугодишни) изданија | Испратени до сите регистрирани корисници | 1 лице задолжено за комуникација со јавноста | 1/2 од општата јавност да знае за постоењето и мисијата на ДЗР и да има позитивен став за работењето на ДЗР. |
| | | Објави на интернет страница | 14 објави поврзани со наодите од извештаите | 300 прегледи | 2 лица задолжени за комуникација со јавноста | |
| | | Објави на социјалните мрежи (twitter, facebook, youtube) | 14 објави на twitter и facebook. Објава на настапите на ревизорите во медиумите на youtube. | 600 прегледи | 1 лице задолжено за комуникација со јавноста | |
| | | Учество на интервјуа и дебатни емисии | 2 учества на интервјуа или дебатни емисии. | Учество на 2 различни национални ТВ канали | Главен државен ревизор или овластен државен ревизор. Подготовка на интервјуто од страна на лицата одговорни за комуникации со јавноста. | |

| ЦЕЛНА ГРУПА | КЛУЧНА ПОРАКА | СРЕДСТВА НА КОМУНИКАЦИЈА | КВАНТИТЕТ | ДОСЕГ | ВНАТРЕШНИ РЕСУРСИ | ЕФЕКТ |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Медиуми и истражувачки новинари** | ДЗР им е партнер на медиумите и истражувачките новинари. Од ДЗР можете да добиете навремени, точни и прецизни информации, на ваше барање, кои ќе бидат основа за вашите стории. | Соопштение за медиуми | 14 соопштенија за медиуми | Објавени 6 соопштенија | 1 лице задолжено за комуникација со јавноста | 2/3 од новинарите во комуникација со ДЗР да имаат позитивен став во однос на навременоста и транспарентноста на комуникацијата со ДЗР. |
| | | Брифинзи за новинари | 5 брифинзи за извештаи кои по проценка на ДЗР може да предизвикаат внимание во јавноста | 20 новинари од националните и локалните радија и телевизии, и од онлајн медиумите | 1 лице задолжено за комуникација со јавноста и еден овластен државен ревизор | |
| | | Прес конференции | 2 прес-конференции | 20 новинари од националните и локалните радија и телевизии, и од онлајн медиумите | 1 лице задолжено за комуникација со јавноста и овластен државен ревизор или главниот државен ревизор | |
| | | Е-маил кореспонденција | 12 известувања по е-маил. | 30 истражувачки новинари<br>и 30 новински редакции (Јавен сервис, национални ТВ, национално радио, кабелски телевизии, локални телевизии, онлајн портали) | 1 лице задолжено за комуникација со јавноста | |
| | | Индивидуални лице- в-лице состаноци со истражувачки новинари | 6 состаноци. Истражувачките новинари ќе бидат детално информирани за наодите на извештаите. | 6 истражувачки новинари | 1 лице задолжено за комуникација со јавноста и овластен државен ревизор | |
| | | Календар на случувања | Редовно обновување на информации | Достапен на интернет страната | 1 лице задолжено за комуникација со јавноста | |
| | | Работилница за новинари | 1 работилница за новинари | 15 новинари | 2 лица задолжени за комуникација со јавноста и 2 овластени државни ревизори | |

| ЦЕЛНА ГРУПА | КЛУЧНА ПОРАКА | СРЕДСТВА НА КОМУНИКАЦИЈА | КВАНТИТЕТ | ДОСЕГ | ВНАТРЕШНИ РЕСУРСИ | ЕФЕКТ |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Граѓански организации** | ДЗР им е партнер на ГО. Од ДЗР можете да добиете детални информации, но и да го дадете вашиот активен придонес во изборот на субјекти предмет на ревизија. | Состаноци со ГО | 2 состаноци со ГО. Присутните на состаноци ќе разменат информации и ќе дефинираат точки за застапување. | 4 ГО чии активности се однесуваат на темите на односните ревизии | 1 лице задолжено за комуникација со јавноста и овластени ревизори задолжени за соодветните извештаи | 2/3 од претставниците на ГО во комуникација со ДЗР да имаа позитивен став во однос на деталноста и транспарентноста на комуникацијата со ДЗР. |
| | | Е-маил кореспонденција | 12 известувања по е-маил за ревизорски извештаи | 8 ГО чии активности се однесуваат на темите на односните ревизии | 1 лице задолжено за комуникација со јавноста | |
| | | Работилници за ГО | 1 работилница за ГО | Претставници од 8 ГО | 2 лица задолжени за комуникација со јавноста и 2 овластени државни ревизори | |
| **Собрание** | Стручноста на ДЗР е секогаш на располагање за Собранието за да им се овозможи на пратениците да донесат поткрепена одлука при усвојувањето на заклучоци од извештаите. | Лице-в-лице состаноци на ревизорите и службите во Собранието | Состанок на овластен државен ревизор со претставник на службата на Собранието за извештај по основ на неповолно мислење или воздржување од давање мислење | Надлежниот вработен во службата на Собранието | Ревизорите надлежни за подготвување на односните извештаи. | Подготвени точни, јасни и прецизни препораки до пратениците изработени како резултат на соработката на ДЗР и службите на Собранието. |
| | | Презентација на извештаи од страна на овластените ревизори | Бројот на презентации зависи од бројот на извештаи ставени на дневен ред на собраниските комисии | Членови на соодветните собраниски комисии | Ревизорите надлежни за подготвување на односните извештаи. | |
| | | Обуки за пратениците | Обука за пратеници за секој нов мандат (во содејство со воведната обука која за пратениците е подготвена од Службите на Собранието (Парламентарен институт). | 20 пратеници од различни пратенички групи | 1 лице задолжено за комуникација со јавноста и 2 овластени државни ревизори. | |

| ЦЕЛНА ГРУПА | КЛУЧНА ПОРАКА | СРЕДСТВА НА КОМУНИКАЦИЈА | КВАНТИТЕТ | ДОСЕГ | ВНАТРЕШНИ РЕСУРСИ | ЕФЕКТ |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Јавно обвинителство** | Извештаите/ наодите на ДЗР можат да содржат индиции за потенцијално кршење на законите и може да бидат основа за покренување на постапки на ЈО. Стручноста на ДЗР при овој процес ви е секогаш на располагање. | Лице-в-лице состаноци на ревизорите и јавните обвинители | Состанок на овластен државен ревизор со државен јавен обвинител за ревизорски извештај по основ на неповолно мислење или воздржување од давање мислење каде што има индиции за кривично дело. | Државните јавни обвинители кои примиле извештај со неповолно или воздржување од давање мислење | Ревизорите надлежни за подготвување на односните извештаи. | Подготовка на точни, јасни и прецизни назнаки за потенцијално кршење на законите како резултат на секоја средба врз основа на извештај по основ на неповолно мислење или воздржување од давање мислење каде што има индиции за кривично дело |
| | | Работилница со јавните обвинители | 1 работилница | 5 државни обвинители и 10 обвинители од основните јавни обвинителства | 1 лице задолжено за комуникација со јавноста и 2 овластени државни ревизори. | |
| **Министерство за финансии** | Извештаите на ДЗР се основа за Министерството за финансии да може да донесе аргументирана одлука за тоа како да се однесува кон институциите - буџетски корисници во републиката. Стручноста на ДЗР ви е секогаш на располагање. | Лице-в-лице состаноци на ревизорите и службите во МФ | Состанок на овластен државен ревизор со надлежниот вработен во МФ за извештај со неповолно мислење или воздржување од давање мислење. | 2 вработени во службите на МФ | Ревизорите надлежни за подготвување на односните извештаи. | Подготовка на точни, јасни и прецизни назнаки за потенцијални буџетски последици за субјектите предмет на ревизија како резултат на секоја средба врз основа на неповолно мислење или воздржување од давање мислење |

**Табела 3: Акциски план за комуникација со целните групи во 2022 година**

| ЦЕЛНА ГРУПА | КЛУЧНА ПОРАКА | СРЕДСТВА НА КОМУНИКАЦИЈА | КВАНТИТЕТ | ДОСЕГ | ВНАТРЕШНИ РЕСУРСИ | ЕФЕКТ |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Општа јавност** | ДЗР на независен и транспарентен начин ви овозможува да знаете како се трошат вашите (јавните) пари и колку ефикасно работат институциите кои вие ги плаќате. | Електронски информатор | 2 (полугодишни) изданија | Испратени до регистрираните корисници | 1 лице задолжено за комуникација со јавноста | 1/2 од општата јавност да знае за постоењето и мисијата на ДЗР и да има позитивен став за работењето на ДЗР. |
| | | Објави на интернет страница | 16 објави поврзани со наодите од извештаите | 400 прегледи | 2 лица задолжени за комуникација со јавноста | |
| | | Објави на социјалните мрежи (twitter, facebook, youtube) | 16 објави на twitter и facebook. Објава на настапите на ревизорите во медиумите на youtube. | 800 прегледи | 1 лице задолжено за комуникација со јавноста | |
| | | Учество на интервјуа и дебатни емисии | 3 учества на интервјуа или дебатни емисии. | Учество на 3 различни национални ТВ канали | Главен државен ревизор или овластен државен ревизор. Подготовка на интервјуто од страна на лицата одговорни за комуникација со јавноста. | |

| ЦЕЛНА ГРУПА | КЛУЧНА ПОРАКА | СРЕДСТВА НА КОМУНИКАЦИЈА | КВАНТИТЕТ | ДОСЕГ | ВНАТРЕШНИ РЕСУРСИ | ЕФЕКТ |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Медиуми и истражувачки новинари** | ДЗР им е партнер на медиумите и истражувачките новинари. Од ДЗР можете да добиете навремени точни и прецизни информации, на ваше барање, кои ќе бидат основа за вашите стории. | Соопштение за медиуми | 16 соопштенија за медиуми | Објавени 8 соопштенија | 1 лице задолжено за комуникација со јавноста | 2/3 од новинарите во комуникација со ДЗР да имаат позитивен став во однос на навременоста и транспарентноста на комуникацијата со ДЗР. |
| | | Брифинзи за новинари | 5 брифинзи за извештаи кои по проценка на ДЗР може да предизвикаат внимание во јавноста | 20 новинари од националните и локалните радија и телевизии, и од онлајн медиумите | 1 лице задолжено за комуникација со јавноста и еден овластен државен ревизор | |
| | | Прес конференции | 2 прес-конференции за извештаи кои по проценка на ДЗР може да предизвикаат внимание во јавноста | 20 новинари од националните и локалните радија и телевизии, и од онлајн медиумите | 1 лице задолжено за комуникација со јавноста и овластен државен ревизор или главниот државен ревизор | |
| | | Е-маил кореспонденција | 12 известувања по е-маил. За секој ревизорски извештај со негативна оценка треба да се испрати известување. | 30 истражувачки новинари и 30 новински редакции (Јавен сервис, национални ТВ, национално радио, кабелски телевизии, локални телевизии, онлајн портали) | 1 лице задолжено за комуникација со јавноста | |
| | | Индивидуални лице-в- лице состаноци со истражувачки новинари | 8 состаноци. Истражувачките новинари ќе бидат снабдени со детални информации од наодите на извештаите. | 8 истражувачки новинари | 1 лице задолжено за комуникација со јавноста и овластен државен ревизор | |
| | | Календар на случувања | Редовно обновување на информации | Достапен на интернет страната | 1 лице задолжено за комуникација со јавноста | |
| | | Работилница за новинари | 1 работилница за новинари | 15 новинари | 2 лица задолжени за комуникација со јавноста и 2 овластени државни ревизори | |

| ЦЕЛНА ГРУПА | КЛУЧНА ПОРАКА | СРЕДСТВА НА КОМУНИКАЦИЈА | КВАНТИТЕТ | ДОСЕГ | ВНАТРЕШНИ РЕСУРСИ | ЕФЕКТ |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Граѓански организации** | ДЗР е партнер на ГО. Од ДЗР можете да добиете детални информации, но и да го дадете вашиот активен придонес во изборот на субјекти предмет на ревизија. | Состаноци со ГО | 4 состаноци со ГО. Присутните на состаноците ќе разменат информации и ќе дефинираат точки за застапување. | 4 ГО чии активности се однесуваат на темите на односните ревизии | 1 лице задолжено за комуникација со јавноста и овластени државни ревизори задолжени за соодветните извештаи | 2/3 од претставниците на ГО во комуникација со ДЗР да имаат позитивен став во однос на деталноста и транспарентноста на комуникацијата со ДЗР. |
| | | Е-маил кореспонденција | 12 известувања по е-маил за ревизорски извештаи | 8 ГО чии активности се однесуваат на темите на односните ревизии | 1 лице задолжено за комуникација со јавноста | |
| | | Работилница за ГО | 1 работилница за ГО | Претставници на 8 ГО | 2 лица задолжени за комуникација со јавноста и 2 овластени државни ревизори | |
| **Собрание** | Стручноста на ДЗР е секогаш на располагање за Собранието за да им се овозможи на пратениците да донесат поткрепена одлука при усвојувањето на заклучоци од извештаите. | Лице-во-лице состаноци на ревизорите и службите во Собранието | Состанок на овластен државен ревизор со претставник на службата на Собранието за извештај по основ на неповолно мислење или воздржување од давање мислење. | Надлежниот вработен во службата на Собранието | Ревизорите надлежни за подготвување на односните извештаи. | Подготвени точни, јасни и прецизни препораки до пратениците изработени како резултат на соработката на ДЗР и службите на Собранието. |
| | | Презентација на извештаи од страна на овластените ревизори | Бројот на презентации зависи од бројот на извештаи ставени на дневен ред на собраниските комисии. | Членови на соодветните собраниски комисии | Ревизорите надлежни за подготвување на односните извештаи. | |
| | | Обуки за пратениците | 1 обука поврзана со читање на ревизорски извештаи | 20 пратеници од различни пратенички групи | 1 лице задолжено за комуникација со јавноста и 2 овластени државни ревизори. | |

| ЦЕЛНА ГРУПА | КЛУЧНА ПОРАКА | СРЕДСТВА НА КОМУНИКАЦИЈА | КВАНТИТЕТ | ДОСЕГ | ВНАТРЕШНИ РЕСУРСИ | ЕФЕКТ |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Јавно обвинителство** | Извештаите/ наодите на ДЗР можат да содржат индиции за потенцијално кршење на законите и може да бидат основа за покренување на постапки на ЈО. Стручноста на ДЗР при овој процес ви е секогаш на располагање. | Лице-в-лице состаноци на ревизорите и јавните обвинители | Состанок на овластен државен ревизор со државен јавен обвинител за ревизорски извештаи по основ на неповолно мислење или воздржување од давање мислење каде што има индиции за кривично дело. | Државните јавни обвинители кои примиле ревизорски извештај по основ на неповолно мислење или воздржување од давање мислење каде што има индиции за кривично дело. | Ревизорите надлежни за подготвување на односните извештаи. | Подготовка на точни, јасни и прецизни назнаки за потенцијално кршење на законите како резултат на секоја средба врз основа на ревизорски извештај по основ на неповолно мислење или воздржување од давање мислење каде што има индиции за кривично дело. |
| | | Работилница со јавните обвинители | 1 работилница | 5 државни обвинители и 10 обвинители од основните јавни обвинителства | 1 лице задолжено за комуникација со јавноста и 2 овластени државни ревизори. | |
| **Министерство за финансии** | Извештаите на ДЗР се основа за Министерството за финансии да може да донесе аргументирана одлука за тоа како да се однесува кон институциите - буџетски корисници во републиката. Стручноста на ДЗР ви е секогаш на располагање. | Лице-в-лице состаноци на ревизорите и службите во МФ | Состанок на овластен државен ревизор со надлежниот вработен во МФ за секој ревизорски извештај по основ на неповолно мислење или воздржување од давање мислење | 2 вработени во службите на МФ | Ревизорите надлежни за подготвување на односните извештаи. | Подготовка на точни, јасни и прецизни назнаки за потенцијални буџетски последици за субјектите предмет на ревизија како резултат на секоја средба врз основа на ревизорски извештај по основ на неповолно мислење или воздржување од давање мислење |

**Табела 4: Акциски план за комуникација со целните групи во 2023 година**

| ЦЕЛНА ГРУПА | КЛУЧНА ПОРАКА | СРЕДСТВА НА КОМУНИКАЦИЈА | КВАНТИТЕТ | ДОСЕГ | ВНАТРЕШНИ РЕСУРСИ | ЕФЕКТ |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Општа јавност** | ДЗР на независен и транспарентен начин ви овозможува да знаете како се трошат вашите (јавните) пари и колку ефикасно работат институциите кои вие ги плаќате. | Електронски информатор | 2 (полугодишни) изданија | испратени до сите регистрирани корисници | 1 лице задолжено за комуникација со јавноста | 2/3 од општата јавност да знае за постоењето и мисијата на ДЗР и да има позитивен став за работењето на ДЗР. |
| | | Објави на интернет страница | 20 објави | 500 прегледи | 2 лица задолжени за комуникација со јавноста | |
| | | Објави на социјалните мрежи (twitter, facebook, youtube) | 20 објави на twitter и facebook. Објава на настапите на ревизорите во медиумите на youtube. | 1000 прегледи | 1 лице задолжено за комуникација со јавноста | |
| | | Учество на интервјуа и дебатни емисии | 3 учества на интервјуа или дебатни емисии. | Учество на 3 различни национални ТВ канали | Главен државен ревизор или овластен државен ревизор. Подготовка на интервјуто од страна на лицата одговорни за односи со јавноста. | |

| ЦЕЛНА ГРУПА | КЛУЧНА ПОРАКА | СРЕДСТВА НА КОМУНИКАЦИЈА | КВАНТИТЕТ | ДОСЕГ | ВНАТРЕШНИ РЕСУРСИ | ЕФЕКТ |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Медиуми и истражувачки новинари** | ДЗР им е партнер на медиумите и истражувачките новинари. Од ДЗР можете да добиете навремени точни и прецизни информации, на ваше барање, кои ќе бидат основа за вашите стории. | Соопштение за медиуми | 20 соопштенија за медиуми | Објавени 10 соопштенија | 1 лице задолжено за комуникација со јавноста | 2/3 од новинарите во комуникација со ДЗР да имаа позитивен став во однос на навременоста и транспарентноста на комуникацијата со ДЗР. |
| | | Брифинзи за новинари | 5 брифинзи за извештаи кои по проценка на ДЗР може да предизвикаат внимание во јавноста | 20 новинари од националните и локалните радија и телевизии, и од онлајн медиумите | 1 лице задолжено за комуникација со јавноста и еден овластен државен ревизор | |
| | | Прес конференции | 2 прес-конференции | 20 новинари од националните и локалните радија и телевизии, и од онлајн медиумите | 1 лице задолжено за комуникација со јавноста и овластен државен ревизор или главниот државен ревизор | |
| | | Е-маил кореспонденција | 12 известувања по е-маил за извештаи кои по проценка на ДЗР може да предизвикаат внимание во јавноста | 30 истражувачки новинари и 30 новински редакции (Јавен сервис, национални ТВ, национално радио, кабелски телевизии, локални телевизии, онлајн портали) | 1 лице задолжено за комуникација со јавноста | |
| | | Индивидуални лице-во-лице состаноци со истражувачки новинари | 10 состаноци. Истражувачките новинари ќе бидат снабдени со детални информации од наодите на извештаите. | 6 истражувачки новинари | 1 лице задолжено за комуникација со јавноста и овластен државен ревизор | |
| | | Календар на случувања | Редовно обновување на информации | Достапен на интернет страната | 1 лице задолжено за комуникација со јавноста | |
| | | Обуки за новинари | 1 обука за новинари | 15 новинари | 2 лица задолжени за комуникација со јавноста и 2 овластени државни ревизори | |

| ЦЕЛНА ГРУПА | КЛУЧНА ПОРАКА | СРЕДСТВА НА КОМУНИКАЦИЈА | КВАНТИТЕТ | ДОСЕГ | ВНАТРЕШНИ РЕСУРСИ | ЕФЕКТ |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Граѓански организации** | ДЗР е партнер на ГО. Од ДЗР можете да добиете детални информации, но и да го дадете вашиот активен придонес во изборот на субјекти предмет на ревизија. | Состаноци со ГО | 6 состаноци со ГО. Присутните на состаноци ќе разменат информации и ќе дефинираат точки за застапување. | 4 ГО чии активности се однесуваат на темите на односните ревизии | 1 лице задолжено за комуникација со јавноста и овластени државни ревизори задолжени за соодветните извештаи | 2/3 од претставниците на ГО во комуникација со ДЗР да имаа позитивен став во однос на деталноста и транспарентноста на комуникацијата со ДЗР. |
| | | Е-маил кореспонденција | 12 известувања по е-маил за ревизорски извештаи | 4 ГО чии активности се однесуваат на темите на односните ревизии | 1 лице задолжено за комуникација со јавноста | |
| | | Работилница за ГО | 1 работилница за ГО | Претставници на 8 ГО | 2 лица задолжени за комуникација со јавноста и 2 овластени државни ревизори | |
| **Собрание** | Стручноста на ДЗР е секогаш на располагање за Собранието за да им се овозможи на пратениците да донесат поткрепена одлука при усвојувањето на заклучоци од извештаите. | Лице-во-лице состаноци на ревизорите и службите во Собранието | Состанок на овластен државен ревизор со претставник на службата на Собранието за секој извештај по основ на неповолно мислење или воздржување од давање мислење. | Надлежниот вработен во службата на Собранието | Ревизорите надлежни за подготвување на односните извештаи. | Подготвени точни, јасни и прецизни препораки до пратениците изработени како резултат на соработката на ДЗР и службите на Собранието. |
| | | Презентација на извештаи од страна на овластените ревизори | Бројот на презентации зависи од бројот на извештаи ставени на дневен ред на собраниските комисии | Членови на соодветните собраниски комисии | Ревизорите надлежни за подготвување на односните извештаи. | |
| | | Обуки за пратениците | 1 обука за пратеници | 20 пратеници од различни пратенички групи | 1 лице задолжено за комуникација со јавноста и 2 овластени државни ревизори. | |

| ЦЕЛНА ГРУПА | КЛУЧНА ПОРАКА | СРЕДСТВА НА КОМУНИКАЦИЈА | КВАНТИТЕТ | ДОСЕГ | ВНАТРЕШНИ РЕСУРСИ | ЕФЕКТ |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Јавно обвинителство** | Извештаите/ наодите на ДЗР можат да содржат индиции за потенцијално кршење на законите и може да бидат основа за покренување на постапки на ЈО. Стручноста на ДЗР при овој процес ви е секогаш на располагање. | Лице-в-лице состаноци на ревизорите и јавните обвинители | Состанок на овластен државен ревизор со државен јавен обвинител за ревизорски извештаи по основ на неповолно мислење или воздржување од давање мислење каде што има индиции за кривично дело. | Државните јавни обвинители кои примиле извештај со негативно или воздржано мислење. | Ревизорите надлежни за подготвување на односните извештаи. | Подготовка на точни, јасни и прецизни назнаки за потенцијално кршење на законите како резултат на секоја средба врз основа на извештај со неповолно мислење или воздржување од давање на мислење |
| | | Работилница со јавните обвинители | 1 обука годишно | 5 државни обвинители и 10 обвинители од основните јавни обвинителства | 1 лице задолжено за комуникација со јавноста и 2 овластени државни ревизори. | |
| **Министерство за финансии** | Извештаите на ДЗР се основа за Министерството за финансии да може да донесе аргументирана одлука за тоа како да се однесува кон институциите - буџетски корисници во републиката. Стручноста на ДЗР ви е секогаш на располагање. | Лице-в-лице состаноци на ревизорите и службите во МФ | Состанок на овластен државен ревизор со надлежниот вработен во МФ за ревизорски извештај по основ на неповолно мислење или воздржување од давање мислење. | 2 вработени во службите на МФ | Ревизорите надлежни за подготвување на односните извештаи. | Подготовка на точни, јасни и прецизни назнаки за потенцијални буџетски последици за субјектите предмет на ревизија како резултат на секоја средба врз основа на ревизорски извештај по основ на неповолно мислење или воздржување од давање мислење |

# 8. Процесна ориентација на комуникациите на ДЗР

Табеларниот приказ на *Комуникациската стратегија* е статична претстава која укажува на содржината на пораките, видови канали и ефектите од сите комуникациски канали во текот на една година. Но, оваа комуникациска стратегија е процесно ориентирана, а тоа значи дека утврдува како, во секој комуникациски циклус треба да се одвива упатувањето на пораките, во кој редослед и со каква динамика. Стратегиската цел на комуникациите уредени во ваква рамка е, наодите на Државниот завод за ревизија, да имаат засилен ефект во јавноста, преку која пак посредно може да се очекува и засилен поттик кон другите државни институции да постапуваат. Така, во секој комуникациски циклус ДЗР ќе остварува директна и двонасочна комуникација (дијалог), со целните групи предмет на оваа *Стратегија*, овозможувајќи им на граѓанските организации, медиумите и општата јавност да прераснат во ефикасни групи за притисок кон институциите, како што е прикажано:




Слика 3. Процесна шема на комуникациите на ДЗР

Во рамките на овој комуникациски тек, приказот што следи, ги пропишува редоследните инстанци на комуникацијата на единица извештај. Практично тој одговара на прашањето какви чекори презема ДЗР откако институцијата ќе објави извештај во кој наодите се од особен јавен интерес. Овој комуникациски процес подразбира неколкудневна подготовка од релевантните лица во ДЗР, непосредно пред да биде објавен ревизорскиот извештај.


Процесна шема на комуницирањето на еден ревизорски извештај на ДЗР, во јавната сфера
I.
ДЗР почнува процес на ревизија на јавна институција
1. На dzr.mk објавуваме вест - кој е СР, зошто тој е предмет на ревизија и кога се очекува заокружување на процесот
2. На dzr.mk во календарот на ревизии го објавуваме почетокот на новиот процес.
3. На нашите профили на социјалните мрежи со кусо образложение објавуваме линк од веста и календарот на ревизии
Сите целни групи
ДЗР
ГДР
ОР
ООЈ
Општа јавност
ДЗР објавува ревизорски извештај со негативно мислење
II.
Порака 1
1. На dzr.mk објавуваме вест структуриран според новинарски правила (10-15 параграфи - најважниот наод од ревизорскиот извештај стои во „лидот")
2. Го дистрибуираме електронскиот информатор преку адреси на претплатници на нашата веб страница.
3. На dzr.mk во календарот на ревизии впишуваме кога е доставен РИ до СРМ и ЈО и кога се очекува постапка и нивна повратна комуникација.
4. На СМ ги објавуваме главните наоди. Одговараме на поважни коментари.
Медиуми, истражувачки новинари
Порака 2
1. На електронските адреси на новинарите и медиумите ја испраќаме веста соопштението, ревизорскиот извештај и документи како основа за новинарски стории
2. На денот на објавата на извештајот организираме конференција за печат. Таа се одржува пред 12 часот, новинарите слободно поставуваат прашања.
3. Во следните неколку денови организираме брифинг за новинарите - подетално ќе се анализираат последиците на извештајот.
4. Директни поединечни состаноци со истражувачки новинари кога тие тоа ќе го побараат
5. Учество на интервјуи и дебати - само за исклучително важните извештаи
Порака 3
1. На електронските адреси на ГО го испраќаме ревизорскиот извештај како и дополнителните документи од интерес за организацијата
2. Во првата недела од објавување на извештајот организираме состанок со ГО.
Граѓански организации
1. Извештајот го доставуваме до СРМ по формалните канали – архива.
2. Организираме работен состанок на овластениот ревизор и надлежните собраниски службеници – заедно дизајнираме препораки за пратениците
3. Го презентирам е извештајот пред соодветната собраниска комисија на јасен и концизен начин
Собрание на РМ
1. Го доставуваме извештајот до ЈО и за тоа ги информираме медиумите и објавуваме на СМ.
2. Работен состанок на овластениот ревизор и надлежните јавни обвинители. На состанокот се зборува за елементите на повреда на законите на субјектот на ревизија.
Јавно обвинителство
1. Состанок на ревизорите и службите во МФ за буџетот алоциран за субјектот на ревизија за следната година.
Министерство за финансии
Порака 4
Порака 5
Порака 6

# 9. Евалуација

Мерење и евалуација на ефикасноста на спроведувањето на *Стратегијата* е важно заради потребата да се оцени напредокот на поставените цели и да се добијат одредени параметри неопходни за креирање на годишните акциски планови за комуникациските активности. Бидејќи основата на секоја комуникациска стратегија е намерата да влијае на промените во перцепцијата и однесувањето на специфични делови од јавноста, оваа комуникациска стратегија предлага подготовка и спроведување на истражувања со различните целни групи. *Изборот на методите на евалуација ќе зависи од расположливите средства на ДЗР во моментот која евалуацијата ќе биде потребна.*

## Евалуација на комуникацијата со општата јавност

За евалуација на комуникацијата со општата јавност *Стратегијата* препорачува истражување кое ќе се состои од четири методолошко конзистентни анкети за јавното мислење, а ќе се спроведува во првиот квартал од годината за претходната година. Овој метод треба да открие дали пораката која ДЗР ја испраќа до општата јавност придонесува за промена на мислењата и ставовите за институцијата. Идеално, истражувањето треба да се спроведе преку администрирање на прашалник врз основа на репрезентативен примерок со користење на една од расположливите техники: теренско анкетирање, телефонско анкетирање или онлајн анкетирање. Доколку за истражувањето се користи методот на онлајн анкетирање истражувањето може да биде администрирано од организациската единица за односи со јавност. Во тој случај нема да биде неопходно ангажирање на истражувачка агенција, но е пожелно, доколку е тоа возможно, во процесот на подготовка на инструментите за истражување како и процесот на интерпретирање на резултатите, да се вклучи надворешно стручно лице/ истражувач.

## Евалуација на комуникацијата со ГО, медиумите и истражувачките новинари

За евалуација на комуникацијата со медиумите и истражувачките новинари, како и со граѓанските организации, потребно е да се спроведе истражување кое се базира на мерење на свесноста и разбирањето; овој метод ќе овозможи добивање податоци за тоа дали целните групи ја примиле пораката, дали ѝ посветиле внимание и дали правилно ја интерпретирале. Ваквото истражување треба да се спроведе со новинарите и претставниците на граѓанските организации кои се во комуникација со ДЗР. Истражувањето треба да биде спроведено еднаш годишно, во првиот квартал од годината за претходната година  и може да биде администрирано од организациската единица за односи со јавност. Доколку е тоа возможно, во процесот на подготовка на инструментите за истражување како и процесот на интерпретирање на резултатите, корисно е да се вклучи надворешно стручно лице/ истражувач.

## Евалуација на комуникацијата со државните институции

Евалуацијата на комуникациите со институциите (Собрание, Јавно обвинителство и Министерство за финансии) во целост може да биде администрирана од организациската единица за односи со јавност и треба да се заснова на повратните податоци (follow up) што се добиваат при комуникацијата на овластените државни ревизори и вработените во соодветните служби во гореспоменатите институции. Евалуацијата, во овој случај, ќе се потпира на прибирање на квалитативни податоци врз основа на кои ќе може да се оцени успешноста на реализацијата на стратегијата за комуникација со овие целни групи.

Оваа Стратегија влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува од 17.02.2020 година.

Број 01-309/1

Скопје, 14.02.2020 година

Главен државен ревизор,

м-р Максим Ацевски

Република Северна Македонија ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА Скопје / Republika e Maqedonisë së Veriut ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT Shkup